ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; Matični broj: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 188 А – 1/2006
Загреб, 25. 11. 2006.

# З А П И С Н И К

од **10. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **25.11.2006. година** со почеток во **10.30 часот** во просториите на Зелена акција, Загреб, Франкопанска 1.

**Присутни:** Никола Гроздановски – претседател на Заедницата – в.д., А. Митревски – Сплит, Б. Штерјов – Загреб, М. Мајиќ – Задар, , И. Христодулов – Риека.

**Отсутни:** Ј. Цветичанин – Осиек, претставник – Пула.

Седницата ја водеше прет. на УО на Заедницата, Н. Гроздановски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Донесување на одлуки за протоколот на одржувањето на вонредното Собрание на Заедницата, како и за припремните постапки и работните тела на истото;
2. Разно.

**Ад. 1.** За оваа точка беа дадени неколку мислења и по расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Владимир Апостолски од Сплит и Лидија Ѓорески од Риека како делегати на Собранието на Заедницата, се полноправно разрешени од нивните друштва, а на нивно место се поставени нови делегати, Ангел Митревски од Сплит и Михаило Давчевски од Риека, додека делегатот Марин Гавровски од Самобор со полномошно го заменува Орце Ламбевски од Загреб;
- предлог за членови на верификационата комисија: Кирил Стоилов од Сплит, Тања Јовановска од Задар и Орце Ламбевски од Загреб;
- предлог за записничар: Елизабета Петровска;
- предлог за заверители на записникот: Анка Рабузин и Благој Штерјов;
- предлог за членови на работното претседателство: Никола Гроздановски од Загреб, Марија Бан од Риека и Мирјана Мајиќ од Задар;
- предлог за разрешување на Владимир Апостолски од Сплит и Марин Гавровски од Самобор од членството на УО и именување на Ангел Митревски од Сплит и Благој Штерјов од Загреб за нови членови на УО;
- предлог за претседател на Заедницата: Ангел Митревски од Сплит;

- Никола Гроздановски да даде образложување на делегатите на Собранието за суспензијата на Славица Сагадин.

**Ад. 2.** Под точката разно се расправаше за трошоците за култ.маниф. и др. кои се одржаа или ќе се одржат во 11. и 12. месец оваа година, како и за книгите кои излегоа или ќе излезат од печат деновиве (прилог). По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- се одобруваат патните трошоци на Н. Гроздановски за учество на состанокот на Семакедонската координација во Опатија во износ од 288,00 кн.;
- се одобруваат патните трошоци на членовите на НО на Заедницата за извршување на контрола на финансиското работење на Заедницата во вкупен износ од 1.718,60 кн.;
- се одобруваат патните трошоци на групата „Пела„ од Љубљана за настап на изложбата „Сликарство на македонците во Хрватска„ и промоцијата на книгата „Повезнице македонско-хрватске „ од Г. Калоѓера во вкупен износ од 2.585,00 кн.;
- се одобруваат патните трошоци на Г. Калоѓера како автор на книгата за промоција на истата во износ од 1.010,00 кн.;
- се одобруваат патните трошоци на М. Гиговски, Д. Имприќ, Л. Кочовска, И. Јавора, Н. Гроздановски и Е. Петровска за организација и припрема на култ. маниф. Рацинов ден „Бели мугри„ во Самобор во вкупен износ од 1.620,00 кн.;
- се одобрува за Монографијата на Б. Јовановски да наместо 175, се примат 125 примероци на книгата за Заедницата, а поради зголемените трошоци за печат (25 примероци се даруваат на авторот);
- се одобруваат трошоците за издавањето на книгата „Солзи полни насмевки„ од Е. Петровска во вкупен износ од 19.995,91 кн.; од вкупниот тираж од 600 примероци, на авторот му се даруваат 100 примероци; продажната цена на книгата ќе изнесува 30,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 60,00 кн.; се одобрува одржување на промоцијата на книгата на 18.12.2006. во ХНД во Загреб;
- се одобруваат трошоците за издавањето на книгата „Македонци у Хрватској„ од О. Бојаџиски во вкупен износ од 28.744,28 кн.;
- се одобрува промена на дотраениот плински бојлер во просториите на Заедницата, за чија промена трошоците ќе се поделат со МКД од Загреб и МПЦ во следниот соодност: Заедница 40%, МКД „Охридски бисер„ 40% и МПЦ „Св. З. Мегленска„ 20%.

Седницата заврши во **11.15** часот.

Записничарка:

Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата – в.д.:

Никола Гроздановски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ